СЕКТОР ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
08.08. 2025 година

АРХИВСКИ БРОЈ:04- 10097/34

Врз основа на Член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 14/2020; 215/2021; 99/2022; 208/2024 и 210/2024), Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе:

## О Д Л У К А

**за избор на еден (1) извршител-кандидат за административен службеник за работното место**
**8.УПР0101В01000 Советник за управување, обработка и анализа на податоците од регистрите на министерството во ПЕ Виница - Сектор за организација и координација на подрачни единици..... 1 извршител**

1. За работното место **Советник за управување, обработка и анализа на податоците од регистрите на министерството во ПЕ Виница - Сектор за организација и координација на подрачни единици** во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се избира кандидатот **ГОЦЕ ВАСИЛОВ.**
2. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од точка 1 од оваа одлука, по конечноста на оваа одлука, за што Министерот ќе донесе посебно решение за унапредување и распоредување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за селекција за вработување по интерен оглас формирана со Решение број 04-10097/23 од 06.08.2025 година, во функција за спроведување постапка за унапредување на административен службеник за извршување на работните задачи од точка 1 на оваа одлука, а по интерниот оглас за унапредување на административен службеник број 07/2025 објавен на 31.07.2025 година на интернет-страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за администрација, на ден 06.08.2025 година спроведе административна селекција и на ден 06.08.2025 година спроведе интервју за наведеното работно место.

По спроведената административна селекција, интервју и извршеното бодување, Комисијата изготви Записник од административна селекција број 04-10097/24 од 06.08.2025 година и Записник од спроведено интервју со финална ранг-листа на кандидати од двете фази на селекција и предлог-одлука за вработување број 04-10097/25 од 06.08.2025 година.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Врз основа на финалната ранг-листа на кандидати од двете фази на селекција и предлог-одлуката за вработување, Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена сметано од денот на објавување на одлуката на интернет страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**МИНИСТЕР**
**Цветан Трипуновски**

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Именованиот
- Сектор за човечки ресурси
- Агенција за вработување



Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015